Tatjana Kunevska

From: Andriana Skerlev Cakar [a.skerlev-cakar@avmu.mk]
Sent: Tuesday, December 09, 2014 8:50 AM
To: 'Tatjana Kunevska'
Subject: FW: [Fwd: Реплика на забелешката од Боге Божиновски (GFK, Скопје) и Преглог за исправк

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

Примено: 08.12.2014			
Орг. единица	Број	Прилог	Вредност
01	6100	1	

[illegible]
Рок на чување .... год.
______20___ г. Потпис.
Скопје

Print/kosulka (cekajte za zaverka)

From: contact [mailto:contact@avmu.mk]
Sent: Friday, December 05, 2014 4:51 PM
To: zaposta@avmu.mk
Subject: [Fwd: Реплика на забелешката од Боге Божиновски (GFK, Скопје) и Преглог за исправк

Automatically forwarded by: contact@avmu.mk
------------ original message -------------
Subject: Реплика на забелешката од Боге Божиновски (GFK, Скопје) и Преглог за исправка на Член 14 од НАЦРТ-УПАТСТВО за начинот на мерење на гледаноста на програмите
From: Branislav Pejovic <bp@analitika.com.mk>
Date: Fri, 5 Dec 2014 16:50:44 +0100
To: contact@avmu.mk, Contact Analitika <contact@analitika.com.mk>
Cc: bane@tdm.com.mk

Почитувани,

Во однос на Член 18 имаме реплика и предлог.

Во однос на забелешката од Боге Божиновски (GFK, Скопје) за Член 18 од НАЦРТ-УПАТСТВО за начинот на мерење на гледаноста на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите што емитуваат телевизиска програма која гласи: Членовите на Комитетот ќе имаат увид во главните индикатори за квалитетот на операциите кои ќе бидат дефинирани во договор за ниво на услугите кои ќе ги обезбедува истражувачката агенција. На барање на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе и биде овозможен пристап до податоците на индивидуално ниво за понатамошни анализи, со загарантирана анонимност на домаќинствата во панелот.

Не може отпосле да се дефинира ниво на услуги со Договор. Пропозициите, пристапот, нивото на пристап и транспарентност или се дефинираат однапред, или пак, секоја од Агенциите кои ќе аплицираат на Јавниот повик во својата апликација ќе го дефинира нивото на пристап до софтверот, бројот и профилот на овластени лица кои би имале пристап и тоа треба да биде премет на евалуација и бодување од страна на Комитетот. Само на тој начин може да се обезбеди транспарентност на системот наместо повторно да добиеме црна кутија.

Предлагаме Член 18 да гласи: **Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе има физички и софтверски пристап до системот за мерење на гледаноста на истражувачката**

агенција. Нивото на пристап, транспарентноста на системот како и бројот и профилот на овластени лица за пристап до системот (делегирани од Комитетот) ќе бидат составен дел на тендерската документација и ќе се бодуваат од страна на Комитетот. Лицата кои Комитетот ќе ги делегира за да имаат пристап до системот ќе потпишат Договор за тајност на информациите и податоците со Истражувачката агенција и ќе сносат правна и кривична одговорност.

Срдечен поздрав,
Бранислав Пејовиќ